РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Министерство за труд и социјална политика
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale
Бр.-Nr. 02-26/7
12-01-2024 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Приватна агенција за вработување
ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
ESI
Бр. 0307-061
12.01 2024 год.
СКОПЈЕ

# ДОГОВОР
## за услуги за привремени вработувања

ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1. Министерство за труд и социјална политика, со седиште на ул.„Даме Груев„ бр.14 Скопје, претставувано од Министер Јованка Тренчевска, во понатамошниот текст: Договорен орган, и

2. Приватна агенција за вработување ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ, Скопје, со ЕМБС 6274714 седиште на ул.„Костурски Херои" бр. 62/1-1 Центар, Скопје, претставувано од управител Димитар Анастасовски, (во понатамошниот текст „Носител на набавката") од друга страна.

ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како отворена постапка за набавка на услуги во согласност со позитивните законски прописи поврзани со предметот на набавката (Законот за вработени во јавниот сектор, Закон за приватни агенции за вработување, Законот за јавни набавки, Законот за облигациони односи) кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со арх. бр. 02-7553/1 од 24.11.2023 година, Одлука за избор за најповолен понудувач со арх. бр. 02-26/5 од 02.01.2023 година, како и врз основа на доставена понуда од Носителот на набавката со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е обезбедување услуги од агенција за привремени вработувања за потребите на Министерството за труд и социјална политика.

Министерство за труд и социјална политика има потреба од ангажирање на лица на определено време заради пополнување на работни места согласно член 22 од Законот за вработени во јавниот сектор преку Агенција за вработување.

ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонски јазик.

ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната вредност на овој договор изнесува 8.150.000,00 денари без пресметан данок на додадена вредност односно со вклучен ДДВ само за провизијата што ќе ја напчаќа Агенцијата.

Во вкупната вредност на договорот се пресметани сите средства што ќе се исплатат на агенцијата, вклучително и бруто платите и другите надоместоци на лицата ангажирани преку агенцијата.

Вредноста на овој договор неможе да се надмине освен во случај на изменување на договорот во рок на неговата важност согласно одредбите на член 119 од Законот за јавните набавки.

Провизијата за Носителот на набавката изнесува 5,00 % (проценти) вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без вклучен ДДВ од износот на бруто платата на отстапените работници согласно понудата и е непроменлива за целиот период на важност на Договорот.

Данок на додадена вредност на провизијата изнесува 18 % .

Доколку утврдената вредност на договорот не се исполни во наведениот рок на времетраењето на Договорот, истиот ќе престане да важи по истекот на рокот на времетраење на Договорот.

КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ

Член 4

При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка, освен во случај на изменување на договорот во рок на неговаа важност, а согласно одредбите на член 119 од Законот за јавните набавки.

НАЧИН И УСЛОВИ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Пред започнувањето на работното ангажирање на привремениот работник, Носителот на набавката и Договорниот орган склучуваат и посебни договори за отстапување на привремен работник.

Член 6

Договор за отстапување на привремен работник се склучува во случај на: замена на привремено отсутен работник, привремено зголемен обем на работа, работа на проект, специфични неконтинуирани работи кои не се дел од претежната дејност на Министерство за труд и социјална политика, непредвидливи, краткотрајни активности што се јавуваат во вршењето на претежната дејност на Министерство за труд и социјална политика како и други случаи опфатени со Законот за Агенции за привремени вработувања.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 7

Договорот е со важност од 1 ( една ) година , сметано од 12.01.2024 година или до исцрпување на финансиските средства предвидени за постапката. Доколку договорот финансиски се исцрпува пред временски да истече, договорниот орган во зависност од неговите потреби ќе објави оглас пред финансиско исцрпување на договорот.

НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Носителот на набавката му доставува фактура на Договорниот орган во која ќе ги пресмета направените трошоци за платата, придонеси за осигурување, додатоци и надоместоци, согласно законските прописи и колективниот договор и агенциската провизија согласно понудата и тоа во висина од 5% (без вклучен ддв) од износот на бруто плата на отстапени работници за секој месец од времетраењето на договорот за вработување. За обезбедување на правата од работен однос како на пр. регрес за годишен одмор, исплата на надоместоци и други права од работен однос кои се обврска на договорниот орган, исплатата ќе се врши преку достава на фактура од страна на Носителот на набавката, но таа фактура, односно на тие износи нема да се пресметува провизија, како за исплата на платите.

Член 9

Договорниот орган се обврзува да му ја плати на Носителот на набавката фактурата за извршената услуга во рок од 30 дена од денот на прием на фактурата во Архивата на Министерството за труд и социјална политика.

Работодавачот-корисник се обврзува редовно и во законски утврдени рокови, најдоцна до 5-ти во месецот да и доставува на Агенцијата список за редовност, награди, одбитоци и изречени казни за непочитување на работните обврски во минатиот месец.

Врз основа на изготвените пресметки, Работодавачот-корисник во законски утврдените рокови, односно најдоцна до 14-ти во месецот, за претходниот месец, ќе и исплаќа на Агенцијата плата и надоместоци од плата за вработените, осигурување од несрекен случај и животно осигурување, придонеси од плата за вработените и сите други давачки по тој основ предвидени со позитивните законски прописи.

Агенцијата се обврзува да изврши исплата на плата и надоместоци од плата согласно поединечна пресметка на плата за секој вработен која е прилог на фактурата најдоцна следниот работен ден по добивање на средствата за таа намена од Работодавачот-корисник, доколку не постојат други пречки кои ќе го попречат трансферот како што се неуспехот на компјутерски систем на други институции кои се појавуваат како посредници во трансферот на плата.

ГАРАНЦИЈА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 10

Навременото и квалитетно извршување на договорот, Носителот на набавката го гарантира со доставување безусловна банкарска гаранција од банка прифатлива за договорниот орган.

Висината на банкарската гаранција изнесува 5% од вкупната вредност на договорот. Банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот ќе биде со важност од дополнителни 60 дена од рокот предвиден за целосно реализирање на договорот и е предуслов за полноважноста на договорот.

Гаранцијата за квалитетно извршување на договорот ќе биде наплатена доколку Носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести Носителот на набавката.

Оваа гаранција се враќа на Носителот на набавката, во рок од 14 дена од денот на целосно реализирање на договорот.

Во случај кога е продолжен рокот за реализација на договорот или е зголемена неговата вредност, Носителот на набавката соодветно треба да ја продолжи важноста и вредноста на гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот.

ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 11

Носителот на набавката врз основа на добиеното барање од Договорниот орган се обврзува да ангажира привремени работници за потребите на Договорниот орган во согласност со понудата на Носителот на набавката и Законот за приватни агенции за вработување.

Набавката ќе се одвива сукцесивно во зависност од потребите на Договорниот орган во период на важност на договорот. Реализираниот број на ангажирани привремено вработени лица, ќе зависи од потребата на Договорниот орган. Претпоставен број на привремено вработени лица за период од една година е 23, со што Договорниот орган нема обврска за исполнување на претпоставениот број на привремено вработени лица.

Член 12

Покрај условите предвидени во Законот за приватни агенции за вработување, Носителот на набавката треба да ги исполнува и следниве услови при извршување на услугите – предмет на договорот:

(1)Приватната агенција за вработувања е должна да го испорача предметот на договорот во максимум 3 (три) дена по претходно доставено барање од страна на Министерство за труд и социјална политика,

(2)Во целост да ги исполнува и почитува барањата на договорниот орган наведени во барањето за ангажирање на привремен работник и за потребите на Договорниот орган да отстапува работници кои ги исполнуваат потребните квалификации;

(3)Во случај да не може да обезбеди работници кои ги исполнуваат бараните квалификации согласно барањето за ангажирање на привремен работник веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена, да го извести Договорниот орган;

(4)Да ги обезбеди сите права по основ на работен однос кои произлегуваат од Законот за Агенции за привремени вработувања, Законот за работни односи, колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган:

(5)Носителот на набавката се обврзува веднаш по приемот на евиденционата листа која содржи податоци за да се направи пресметка на плата, да направи пресметка на платата и придонеси од плата за секој отстапен работник поединечно, а потоа откако пресметките ќе бидат одобрени преку електронска пошта од страна на лице на Договорниот орган, Носителот на набавката се обврзува да достави фактура зголемена за надоместокот на услугите (провизијата) на Агенцијата, но не подолго од 2 (два) работни дена од денот на одобрување на пресметките;

(6)На отстапениот работник редовно да му ја исплатува платата, придонесите за социјално осигурување, надоместоците на платата, регрес за годишен одмор, а најдоцна во рок од 2 (два) работни дена од денот на плаќањето на фактурата од страна на Договорниот орган;

(7)Да доставува исплатна листа за плата најдоцна 7 (седум) дена од денот на исплатата на плата идентична на одобрените поединечни пресметки на плата кои се прилог на фактурата;

(8)Во случај на доцнење во поглед на рокот од алинеа 5 на овој член, на отстапениот работник да му плаќа законска затезна камата како и да ја надомесги евентуалната штета доколку истата поради задоцнувањето е поголема од износот што би се добил на име законска затезна камата од сопствени средства;

(9) Да обезбеди осигурување од последици на несреќен случај – незгода во друштво за осигурување –и животно осигурување кај компанија осигурувач со вкупна премија во износ од 150,00 денари месечно кои се задржуваат од нето платата на отстапениот работник, при што осигурувањето да трае 24 часа и за цело време додека отстапениот работник е работно ангажиран кај договорниот орган;

(10)Дека ниту под еден услов освен со писмена изречна согласност од страна на Договорниот орган нема да го замени привремено отстапениот работник или да го откаже договорот за вработување:

(11) На барање на Договорниот орган, да го откаже договорот за вработување пред времето определено со договорот, а поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со или без отказен рок во зависност од видот на повредата, односно неисполнувањето на работните обврски, согласно одредбите на Законот за работните односи и другите прописи кои важат за вработените во Министерство за труд и социјална политика;

(12) За цело времетраење на овој Договор да има важечка лиценца „А"согласно прописите кои ја регулираат дејноста, издадена од Министерство за труд и социјална политика и Решение за упис во

Регистарот на приватни агенции за вработување што го води Министерство за труд и социјална политика.

ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

Член 13

Договорниот орган се обврзува сукцесивно согласно потребата:

(1)Во писмена форма да достави до Носителот на набавката барање за потреба од ангажиеање на работник. Барањето треба да ги содржи сите податоци од важност за работното место, како што се назив, работното време, времетраење на вработувањето, работа во смени, плата, погодностите врзани со работното место кои ги нуди работодавачот, потребните квалификации кои кандидатот треба да ги исполнува во поглед на стручна подготовка, работното искуство, познавање на странски јазик и останати квалификации кои потенцијалните кандидати треба да ги исполнуваат и времетраењето на договорот за вработување. Барањето мора да биде потпишано од одговорното лице и истото да биде заверено со печат.

(2) Согласно правата од работен однос кои произлегуваат од Законот за приватни агенции за вработување, Законот за работни односи, Колективниот договор и другите прописи кои важат за вработените кај договорниот орган, истиот да обезбеди средства за плата, придонеси и други додатоци и надоместоци, како и регрес за годишен одмор за периодот за кој што му е отстапен работникот.

(3) Да ги обезбеди просториите, опремата и материјалите со кои привремениот работник треба да ја извршува работата и да обезбеди инструкции за извршување на работата на привремениот работник.

(4)Договорниот орган е одговорен за управување и надзор над работата што ќе ја врши привремениот работник.

(5)Во однос на привремениот работник, Договорниот орган се јавува како работодавач и во таа смисла треба да ги почитува обврските во поглед на заштита при работа, согласно прописите за работните односи и безбедноста и заштитата при работа.

(6)Барањето потребно е да биде целосно пополнето и потпишано од овластено лице, заверено во деловодна книга и заверено со печат.

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Андријана Гуговска, или друго лице овластено од Министер.

ОБЕШТЕТУВАЊЕ

Член 14

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор, кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

За штетата поради задоцнување со исполнувањето одговара договорната страна на која другата договорна страна и дала примерен дополнителен рок заа исполнување.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино задоцнување за кое одговара.

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнила на време.

Член 15

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

Член 16

Со договор може да се прошири одговорноста на договорната страна и врз случај за кој тој инаку не одговара.

Исполнувањето на ваквата договорена одредба не може да се бара ако тоа би било во спротивност со начелото на совесност и чесност.

Член 17

Одговорноста на договорената страна за намерата или крајното невнимание не може однапред со договор да се исклучи.

Судот може, по барање од заинтересираната договорна страна, да ја поништи и договорната одредба за исклучување на одговорноста за обично не внимание, ако таквата спогодба произлегува од монополската положба на договорната страна или воопшто од нерамноправниот однос на договорните страни.

Член 18

Договорната страна има право на надомест на обичната штета и испуштената корист, кои другата договорна страна морала да ги предвиди во време на склучувањето на договорот како можни последици од повреда на договорот, со оглед на фактите што тогаш и биле познати или морале да бидат познати.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неисполнување поради крајно невнимание, договорната страна има право да бара од другата договорна страна надомесг на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што другата страна не знаела за посебните околности поради кои настанале тие.

Ако при повреда на обврската, покрај штетата, за договорната страна настанала и некоја добивка, при определувањето на висината на надоместот за неа ќе се води сметка со разумна мера.

Страната што се повикува на повреда на договорот е должна да ги преземе сите разумни мерки за да се намали штетата предизвикана од таа повреда, инаку другата страна може да бара намалување на надоместот.

Член 19

Договорната страна која е должна да ја извести другата страна за фактите што се од влијание врз нивниот меѓусебен однос, одговара за штетата што ќе ја претрпи другата страна поради тоа што не била известена на време.

РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

член 20

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со месусобно договарање.

Член 21

Доколку договорните страни не постигнат обострано прифатливо решение сите евентуални спорови ќе ги решава надлежниот суд во Скопје.

УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 22

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штета.

Член 23

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, мора да му остави примерен доолнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

Член 24

Една од договорните страни може да го раскине договорот и без да и остави на другата договорна страна, дополнителен рок за исполнување ако од нејзиното однесување произлегува дека таа нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

Член 25

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека едната договорна страна нема да ја исполни својата обврска од договорот, другата страна може да го раскине договорот и да бара надомест на штета.

Член 26

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти писмено на другата договорна страна без одлагање.

Член 27

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

Член 28

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуална штета.

Член 29

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеке не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неспроведливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегна или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Ако изрече раскинување на договорот судот, на барање од другата страна, ќе ја обврзе страната што го барала да и надомести на другата сграна справедлив дел од штетата што ја трпи поради тоа.

Член 30

Страната што е овластена да бара поради променетите околности раскинување на договорот е должна за својата намера да бара раскинување на договорот, да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го сторила одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето благовремено не и било соопштено на време.

КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

Член 31

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 32

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Член 33

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

Член 34

Овој Договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

Министер

Јованка Тренчевска

Управител

Димитар Анастасовски

Проф. Д-р

Приватна агенција за вработување
ЕСИ ВРЕМЕНО ВРАБОТУВАЊЕ
ESI

Изготвил: Теодора Васиќ Петровска
Контролирал: Благица Мирчевска
Согласен: Славица Костовска
Одобрил: Љубица Панова